ИВАНОВ
инженеринг
инженеринг проектирање надзор изведување
WWW.IVANOVENG.COM.MK

ПРЕДЛОГ ПЛАН

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј03, БЛОК 07
ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ

ПЛАНСКИ ПЕРИОД
2019-2024

ДОНОСИТЕЛ:
ОПШТИНА КАРПОШ

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:
0801-06-02/19

ДАТУМ:
12/2019

ИЗРАБОТКА:
ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ БИТОЛА

Sasko Ivanov
Digitally signed by Sasko Ivanov
DN: ou=4002000142260, o=IVANOV INZENERING DOOEL BITOLA, c=MK, email=ivanovsasko@gmail.com, sn=Ivanov, givenName=Sasko, cn=Sasko Ivanov
Date: 2019.12.12 19:44:20 +01'00'

Natali Tashevska-Gulevska
Digitally signed by Natali Tashevska-Gulevska
DN: o=Dooel Ivanov Inzinering, c=MK, email=natali.tasevskagulevska@ivanoveng.com.mk, sn=Tashevska-Gulevska, givenName=Natali, cn=Natali Tashevska-Gulevska
Date: 2019.12.12 19:42:12 +01'00'

СОДРЖИНА

- Насловна страна

Податоци за изработувачот

- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Тековна состојба на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Вовед

1. Географско и геодетско определување на подрачјето на планскиот опфат со граници и површина
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
3. Природни чинители кои влијаат на подрачјето на планскиот опфат
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат, на изграденият градежен фонд и вкупната физичка супраструктура
6. Инвентаризација на постоечки споменички целини и градби од културно-историско значење
7. Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура
8. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички планови
9. Анализа на можности за просторен развој
10. Извод од план од повисоко ниво
11. Други податоци за планскиот опфат
12. Нумерички дел

Графички дел:

1. Извод од ГУП на град Скопје со граница на плански опфат ..... 1 : 10000
2. Извод од РП на ГУП со граница на плански опфат ..... 1 : 5000
3. Збирен графички прилог со нанесени плански решенија од урбанистички планови и плански документации и урбанистички проекти релевантни за планскиот опфат..1 : 1000
4. Ажурирана геодетска подлога со граница на плански опфат .....….... 1 : 1000
5. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и изградена комунална инфраструктура ..... 1 : 1000

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Вовед
1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат, плански период
2. Површина и граници на планскиот опфат
3. Опис и образложение на планскиот концепт за просторниот развој и хармонизација на просторот и на планските решенија за изградба
4. Мерки за заштита на животната средина
5. Мерки за заштита и спасување
6. Мерки за спречување на бариери на лицата со инвалидност
7. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
8. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
9. Нумерички дел

Графички дел:
0. Пошироко планско опкружување со граница на плански опфат
и сообраќајна поврзаност..... 1 : 2500
1. План на намена на земјиштето и градбите .....1 : 1000
2. Регулационен план ..... 1 : 1000
3. План на површини за градење..... 1 : 1000
4. Сообраќаен план и нивелациски план ..... 1 : 1000
5. Инфраструктурен план ..... 1 : 1000
6. План на зеленило ..... 1 : 1000
7. Синтезен план..... 1 : 1000

Место:	Општина Карпош
Нарачател:	Општина Карпош
Доносител на планот:	Општина Карпош
Предмет:	Детален урбанистички план за градска четврт Ј03, Блок 07, Општина Карпош, Скопје
Изработка:	Иванов инженеринг дооел Битола
Работен тим:	Сашко Иванов диа
	Натали Ташевска Гулевска диа
	Цветанка Дончева диа Стефанија Иванов диа Андријан Иванов диа
Технички број:	0801-06-02/19
Дата:	12/2019

Број: 0809-50/155020190015891
Датум и време: 2.5.2019 г. 12:48:20

/Електронски издаден документ/

П О Т В Р Д А
за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5437415
Назив:	Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ Сашко Иванов ДООЕЛ, Битола
Седиште:	БОРИС КИДРИЧ бр.12/16 БИТОЛА, БИТОЛА

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Број: 0805-50/155020190010868
Датум и време: 26.3.2019 г. 14:03:44

/Електронски издаден документ/

Т Е К О В Н А С О С Т О Ј Б А

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5437415
Целосен назив:	Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ Сашко Иванов ДООЕЛ, Битола
Кратко име:	ИВАНОВИНЖЕНЕРИНГ
Седиште:	БОРИС КИДРИЧ бр.12/16 БИТОЛА, БИТОЛА
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	3.5.2000 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4002000142260
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - дооел
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	353.740,00
Уплатен дел MKD:	353.740,00
Вкупно основна главнина MKD:	353.740,00

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	САШКО ИВАНОВ
Адреса:	БОРИС КИДРИЧ бр.12/16 БИТОЛА, БИТОЛА
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	353.740,00
Уплатен дел MKD:	353.740,00
Вкупен влог MKD:	353.740,00
Вид на одговорност:	Не одговара

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	
Други дејности:	Регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет

ОВЛАСТУВАЊА	
Овластени лица	
Име и презиме:	САШКО ИВАНОВ
Адреса:	БОРИС КИДРИЧ бр.12/16 БИТОЛА, БИТОЛА
Овластувања:	Управител со неограничено овластување во внатрешниот и надворешниот трговски промет
Овластено лице:	Овластено лице

ПОДРУЖНИЦИ	
Подброј:	5437415/1
Назив:	Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ Сашко Иванов ДООЕЛ, Битола Подружница Скопје
Тип:	Подружница
Подтип:	Подружница
Адреса:	МИТО ХАЏИВАСИЛЕВ ЈАСМИН бр.36-2/7 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА НА ПОДРУЖНИЦАТА	
Име и презиме:	САШКО ИВАНОВ
Адреса:	БОРИС КИДРИЧ бр.12/16 БИТОЛА, БИТОЛА
Овластувања:	Овластено лице

Подброј:	5437415/2
Назив:	Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ Сашко Иванов ДООЕЛ, Битола Подружница Прилеп
Тип:	Подружница
Подтип:	Подружница
Адреса:	АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ бр.10 а ПРИЛЕП, ПРИЛЕП
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување

ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА НА ПОДРУЖНИЦАТА	
Име и презиме:	САШКО ИВАНОВ
Адреса:	БОРИС КИДРИЧ бр.12/16 БИТОЛА, БИТОЛА
Овластувања:	Овластен застапник

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	ivanoveng@t-home.mk

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став (2) Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерство за транспорт и врски издава:

ЛИЦЕНЦА

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

НА

Друштво за производство, трговија и услуги
ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ Сашко Иванов ДООЕЛ, Битола

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

ул. БОРИС КИДРИЧ бр. 12/16 БИТОЛА,
БИТОЛА, ЕМБС: 5437415

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ И РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **30.01.2026 година**

Број: **0023**

30.01.2019 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Горан Сугарески

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.199/14, 44/15), Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОДНОСНО ПЛАНЕР, ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

САШКО ИВАНОВ

дипломиран инженер архитект

Овластувањето е со важност до: 16.07.2020 год.

Број: **0.0095**

Издадено на: 16.07.2015 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Блашко Димитров,
дипл.град.инж

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.199/14, 44/15), Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОДНОСНО ПЛАНЕР, ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА

дипломиран инженер архитект

Овластувањето е со важност до: 16.07.2020 год.

Број: **0.0094**

Издадено на: 16.07.2015 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Блашко Димитров,
дипл.град.инж

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 став (4) од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОДНОСНО
ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

СТЕФАНИЈА ИВАНОВ

дипломиран инженер архитект

Овластувањето е со важност до: 14.05.2023 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Број: 0.0591

Издадено на: 15.05.2018 год..

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199 од 30.12.2014, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18) Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОДНОСНО
ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА

дипломиран инженер архитект

Овластувањето е со важност до: 24.01.2024 год.

Број: 0.0622

Издадено на: 25.01.2019 год..

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ВОВЕД

ДУП за градска четврт Ј 03, Блок 07 - Општина Карпош, Скопје е урбанистички план кој се донесува за плански опфат за кој е донесен генерален урбанистички план и се изработува во една фаза како предлог план.

Планот содржи Документациона основа во која се систематизирани податоци за постојната состојба во рамки на планскиот опфат, анализа на можностите за просторен развој и програмските проекции за подрачјето на планскиот опфат и Планска документација во која се презентирани планскиот концепт и дефинирани се сите плански одредби потребни за донесување и спроведување на планот.

Планот има задача врз основа на исцрпна анализа на постојната состојба и дефинираните цели да ги детерминира насоките на развој во период од 2019 до 2024 година.

Документационата основа е изработена врз основа на:
- Ажурирана геодетска подлога изготвена од овластена геодетска фирма;
- Теренско снимање на просторот од страна на стручен тим на извршителот;
- Податоци за инфраструткурата добиени од комуналните служби и релевантни институции;
- Постојната урбанистичка документација од повисоко и пониско ниво;
- Аналитичка обработка на евидентираните податоци.

Документационата основа содржи:
- Анализа на постојната организација на просторот;
- Анализа на постоен градежен фонд, сообраќајна и комунална инфраструктура;
- Анализа на досегашна урбанистичка документација;
- Оценка на можности за просторен развој.

Планскиот документ ДУП за градска четврт Ј 03, Блок 07, Општина Карпош - Скопје е изработен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. весник на РМ бр. 142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ , бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

1. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СО ГРАНИЦИ И ПОВРШИНА

Просторот кој е предмет на ДУП за градска четврт Ј 03, Блок 07, Општина Карпош - Скопје се наоѓа во централниот дел од Општина Карпош, а во западниот дел на Градот Скопје.

Границата на плански опфат претставува затворена линија со прекршни точки кои ги имаат следните координати по x и y:

1	Y=7533326.0362	X=4649970.3594
испапченост	-0.2645	
центар	Y=7533338.3934	X=4649978.8623
радиус	15	
почетен агол	214.5315	
краен агол	155.2632	
2	Y=7533324.7698	X=4649985.1391
3	Y=7533328.7914	X=4649993.8678
испапченост	-0.0163	
центар	Y=7533389.3819	X=4650073.4215
радиус	100	
почетен агол	232.706	
краен агол	228.9668	
4	Y=7533323.7322	X=4649997.9886
5	Y=7533317.0109	X=4650003.8382
испапченост	-0.2638	
центар	Y=7533353.1182	X=4650045.3263
радиус	55	
почетен агол	228.9668	
краен агол	169.8652	
6	Y=7533298.9764	X=4650055.0043
7	Y=7533313.7675	X=4650137.7502
8	Y=7533271.0940	X=4650145.4224
испапченост	-0.0515	
центар	Y=7533350.7189	X=4650588.3217
радиус	450	
почетен агол	259.8082	
краен агол	248.0159	
9	Y=7533182.2616	X=4650171.0423
испапченост	-0.0126	
центар	Y=7533350.7189	X=4650588.3217
радиус	450	
почетен агол	248.0159	
краен агол	245.1318	
10	Y=7533161.4796	X=4650180.0468
11	Y=7533073.8225	X=4650220.6766
12	Y=7533051.0077	X=4650231.2515
13	Y=7533029.9271	X=4650187.9242

испапченост	0.0223	
центар	Y=7533254.7309	X=4650078.5476
радиус	250	
почетен агол	154.0551	
краен агол	159.1728	
14	Y=7533021.0668	X=4650167.4355
15	Y=7533057.1489	X=4650149.0031
испапченост	0.0478	
центар	Y=7533135.3042	X=4650131.9224
радиус	80	
почетен агол	167.6719	
краен агол	178.619	
16	Y=7533055.3274	X=4650133.8504
17	Y=7533055.0660	X=4650123.0080
испапченост	-0.065	
центар	Y=7532755.1532	X=4650130.2381
радиус	300	
почетен агол	358.619	
краен агол	343.7414	
18	Y=7533043.1555	X=4650046.2463
испапченост	-0.0066	
центар	Y=7532960.5948	X=4650070.3239
радиус	86	
почетен агол	343.7414	
краен агол	342.236	
19	Y=7533042.4945	X=4650044.0856
20	Y=7533034.2097	X=4650018.2257
испапченост	0.0193	
центар	Y=7533110.3954	X=4649993.8179
радиус	80	
почетен агол	162.236	
краен агол	166.651	
21	Y=7533032.5568	X=4650012.2885
22	Y=7533030.6027	X=4650004.0536
испапченост	0.024	
центар	Y=7533108.4413	X=4649985.5830
радиус	80	
почетен агол	166.651	
краен агол	172.1431	
23	Y=7533029.1923	X=4649996.5190
24	Y=7533020.8601	X=4649936.1385
испапченост	0.0058	
центар	Y=7533516.1664	X=4649867.7889
радиус	500	
почетен агол	172.1431	
краен агол	173.4685	

25	Y=7533019.4116	X=4649924.6635
26	Y=7533017.4749	X=4649907.7475
испапченост	0.2659	
центар	Y=7533032.3775	X=4649906.0413
радиус	15	
почетен агол	173.4685	
краен агол	233.0266	
27	Y=7533023.3559	X=4649894.0575
28	Y=7533025.1128	X=4649892.7349
испапченост	0.0484	
центар	Y=7533055.1850	X=4649932.6806
радиус	50	
почетен агол	233.0266	
краен агол	244.1058	
29	Y=7533033.3494	X=4649887.7005
испапченост	0.0357	
центар	Y=7533055.1850	X=4649932.6806
радиус	50	
почетен агол	244.1058	
краен агол	252.2918	
30	Y=7533039.9765	X=4649885.0497
31	Y=7533151.7688	X=4649849.3546
32	Y=7533119.3671	X=4649749.4778
33	Y=7533122.3386	X=4649749.0094
34	Y=7533130.1002	X=4649747.4799
35	Y=7533138.4059	X=4649745.5860
36	Y=7533147.2954	X=4649743.2740
37	Y=7533156.6365	X=4649740.5579
38	Y=7533166.2590	X=4649737.4679
39	Y=7533175.9927	X=4649734.0339
40	Y=7533185.6675	X=4649730.2862
41	Y=7533195.1130	X=4649726.2547
42	Y=7533204.1590	X=4649721.9696
43	Y=7533212.6353	X=4649717.4610
44	Y=7533220.4396	X=4649712.7742
45	Y=7533227.7408	X=4649708.0161
46	Y=7533234.7756	X=4649703.3088
47	Y=7533241.7809	X=4649698.7744
48	Y=7533248.9934	X=4649694.5351
49	Y=7533256.6499	X=4649690.7129
50	Y=7533264.9872	X=4649687.4300
51	Y=7533274.2420	X=4649684.8085
52	Y=7533284.6149	X=4649682.9198
53	Y=7533296.1613	X=4649681.6322
54	Y=7533308.9002	X=4649680.7633
55	Y=7533322.8507	X=4649680.1305

56	Y=7533338.0319	X=4649679.5514
57	Y=7533354.4629	X=4649678.8436
58	Y=7533372.1627	X=4649677.8247
59	Y=7533391.1506	X=4649676.3120
60	Y=7533411.3763	X=4649674.1835
61	Y=7533432.5135	X=4649671.5577
62	Y=7533454.1665	X=4649668.6133
63	Y=7533497.4374	X=4649662.4839
64	Y=7533499.2803	X=4649662.2337
65	Y=7533514.7140	X=4649690.8197
испапченост	0.0966	
центар	Y=7533426.7198	X=4649738.3279
радиус	100	
почетен агол	331.6353	
краен агол	353.7151	
66	Y=7533526.1188	X=4649727.3807
67	Y=7533529.0336	X=4649753.8459
испапченост	0.0677	
центар	Y=7533469.3942	X=4649760.4143
радиус	60	
почетен агол	353.7151	
краен агол	9.2022	
68	Y=7533528.6220	X=4649770.0094
69	Y=7533525.4494	X=4649789.5928
70	Y=7533515.5742	X=4649850.5491
испапченост	0.3479	
центар	Y=7533481.0247	X=4649844.9520
радиус	35	
почетен агол	9.2022	
краен агол	85.9246	
71	Y=7533483.5121	X=4649879.8635
72	Y=7533410.2787	X=4649885.0813
испапченост	-0.1886	
центар	Y=7533413.8321	X=4649934.9549
радиус	50	
почетен агол	265.9246	
краен агол	223.1915	
73	Y=7533377.3786	X=4649900.7330
74	Y=7533368.0921	X=4649910.6250
испапченост	-0.0393	
центар	Y=7533440.9992	X=4649979.0688
радиус	100	
почетен агол	223.1915	
краен агол	214.1794	
75	Y=7533358.2710	X=4649922.8902

Границата на блокот Ј03.07 е оформена по осовина на улична мрежа и тоа од северна страна со сервисна улица „С1 - ул. Козле", на западна страна со сервисна улица „С8 - ул.Трнодол" и сервисна улица „С6-А", на јужна страна со Новопланирана собирна улица „Јужна обиколница - Водно" и на исток со сервисна улица „С4 – ул. Леринска" и сервисна улица „С5 ул. Ловќенска-1"

Површината на блокот во регулационите линии дефинирани со урбанистичкиот план за четврт изнесува 15,07ха.
Површината во границите на планскиот опфат изнесува **16,03ха.**

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

Просторот кој припаѓа на градска четврт Ј 03, Блок 07 бил тема на планирање на следните плански документи од повисоко ниво:

- ГУП на Град Скопје (2012 - 2022 год.) (Одлука бр. 07-5068/1 од 03.12.2012); и
- Регулациски план на ГУП на град Скопје (2012-2022) за четврт Ј 03 (Одлука бр.27-6443/1 од 18.07.2018)

Исто така, предметниот локалитет бил дел од разработката на ниво на детален урбанистички план во размер 1:1000 со следната планска документација:

- Детален урбанистички план за локалитет „Трнодол" М.З „Пеце Божиновски" (Одлука бр. 07-1281/7 од 22.11.2001 година)

- Детален урбанистички план на урбанистичка единица бр. 21 населба Козле (М.З „Кузман Јосифовски-Питу и М.З „Пецо Божиновски Кочо- дел""

- Детален урбанистички план (измена и дполна) за дел од М.З „Пецо Божиновски", Населба Козле (Одлука бр. 07-1557/1 од 22.11.2002 година)

- Детален урбанистички план измена и дополнување за дел од Локалитетот Козле, М.З Кузман Јосифовски-Питу, блокови 11, 33, 34 и 35 (Одлука бр. 07-7896/4 од 26.10.2011 година)

- Детален урбанистички план (изменување и дополнување) на дел од МЗ „Пецо Божиновски Кочо", Блок 3 и 5 (Одлука бр. 07-5493/6 од 26.08.2013 година)

Предметниот локалитет од западна страна граничи со:

- Детален урбанистички план за населба Жданец, дел од МЗ „Пецо Божиновски-Кочо" (Одлука бр. 07-1090/2 од 14.05.2004 година)

Усвоена документација на ниво на Локално урбанистичка планска документација во планскиот опфат:

- ЛУПД за ГП 8.2, ДУП (измена и дополнување) за дел од М.З Пецо Божиновски, населба Козле, на улица Козле, ББ, дел од КП 5885 КО Карпош, Општина Карпош (Решение бр. 08-3324/7 од 17.09.2010 година)
- ЛУПД за ГП 8.3, ДУП (измена и дополнување) за дел од М.З Пецо Божиновски, населба Козле, на улица Козле ББ, КП 5888, КП 5887 и дел од КП 5885 КО Карпош, Општина Карпош (Решение бр. 08-3324/12 од 27.09.2010 година)
- ЛУПД за ГП 8.4 ДУП (измена и допонување) за дел од М.З Пецо Божиновски, населба Козле на ул. Козле бб, дел од КП 5885 и дел од КП 5886, КО Карпош (Одлука бр. 08-3026/7 од 30.09.2010)

- ЛУПД за ГП 30.11 Согласно ДУП Измена и дополна на урбанистичка едина 21 населба Козле (МЗ „Кузман Јосифовски Питу" и МЗ „Пецо Божиновски дел") (Решение бр. 08-4285/9 од 27.09.2010 година)

3. ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ ВЛИЈААТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, рељефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Географска и геопрометна положба
Подрачјето на планскиот опфат се наоѓа во град Скопје и регион со извонредна географска положба која придонесла за функционална традиција на регионот како стратешки, административен и стопански локалитет. Постојат природни можности за добри сообраќајни врски со соседните простори од локално и меѓународно значање. Должината на реката Вардар е главна и средишна сообраќајна артерија - главна оска на развојот на сообраќајот.
Планскиот опфат преку изградената улична мрежа е во директна врска со системот на примарни улици, а преку нив со главните сообраќајници од мрежата на државните патишта.

Рељефни карактеристики
Скопската котлина се простира во северниот дел од Вардарската долина и зафаќа пространство од неколку морфографски-природни целини: на север е планината Скопска Црна Гора, на запад се планините Жеден и Сува Планина и Осој, на југ планините Водно и Јакупица, а во источниот дел се истакнуваат ридести предели.
Подрачјето на планскиот опфат се наоѓа на терен со надморска висина од 269 do 310 метри.

Геолошки карактеристики
Теренот на урбаното подрачје на Скопје е составен дел на структурната единица на скопската депресија. Современите тектонски процеси во регионот на скопската депресија можат да се генерализираат во следните 2 процеси:
- генерално издигнување на регионот на скопската депресија (во склоп на издигнување на поширокиот регион на централниот дел на Балканот)
- гравитационо поместување на северниот дел на депресијата кон Запад со извесно поместување и кон северо-запад (свлекување кон јадранскиот басен), а на јужниот дел на депресијата кон југ (свлекување кон егејскиот басен), иницирано и динамички усогласено со издигнувањето на регионот на централниот дел од Балканот.
Разделницата меѓу јадранскиот и егејскиот басен во скопската депресија поминува со маркантна зона на хоризонтално раседнување и започнува јужно од с.Арачиново, поминува низ централното подрачје на Скопје, продолжува кон с.Матка и некаде кај с.Блаце навлегува во полошката депресија. Со оваа раседна зона, скопската депресија е поделена на северен и јужен основен тектонски блок со евидентни разлики во тонењето и тектонската еволуција кои се амортизираат со постепено трупање на напрегањата на блоковите на депресијата, повремено ослободување на блоковите од напрегнатост со формирање на нови раседи и делење на постојните блокови, генерирање на придружни земјотреси на формирањето на нови раседи. Според тоа, земјотресите се поврзуваат со нови раседи. Постојните раседи можат да придонесат во зголемувањето на временскиот период на повторување на земјотресите и евентуално да ги загрозат постојните градежни градби со диференцирано поместување на нивната темелна основа.

Сеизмолошки карактеристики
Подрачјето на планскиот опфат е во зона со сеизмичка активност од IX° по Меркалиева скала. Земјотресите се случајни појави со амплутудно-фреквентни карактеристики на движењето на тлото. За потребите на сеизмичката заштита се врши нивно определување по постапка базирана на веројатност и се составен дел на Сеизмолошката основа на урбаното подрачје на Скопје за ГУП на град Скопје.

Планирањето на просторот на урбаното подрачје на Скопје се препорачува да биде насочено кон начелото дека микрореонирањето е превентивна мерка во процесот на сеизмичка заштита на човечките животи и материјалните добра.
Просторната дистрибуција на максималното забрзување на слободна површина овозможува да се:
– планира просторот преку избор на соодветни локации за различните типови на градби во зависност од нивната важност при нормални услови и во вонредни услови
– Правилен избор на локациите на градбите во кои се одвиваат технолошки процеси и претставуваат еколошка опасност на урбаното подрачје на Скопје, на краток или на подолг врменски период
– точно планирање на градбите од посебна важност во случај на катастрофален земјотрес и лоцирање на градбите што значат живот за урбаното подрачје на Скопје, како во поглед на сигурноста така и во поглед на пристапноста и комуникација во урбаното подрачје на Скопје, и во регионот
– Препорака на мерки за намалување на максималното забрзување на слободна површина со избор на кота на темелење
– Препорака за намалување на максимално забрзување со отстранување на плиткиот депозит кој е висок амплификатор
– Планирање на густината на градба и населеност во подрачјата со висока вредност на максимално забрзување или во високо ризични подрачја на урбаното подрачје на Скопје.

Педолошки карактеристики
Во процесот на планско обликување на планскиот опфат со уредување на градското зеленило и на слободните површини, обработката на педолошките карактиристики до 10метри длабина е од особена важност. Одредувањето на педолошката основа на урбаното подрачје на град Скопје е со дефинирање на педолошки единици кои се тесно поврзани до геолошките процеси на нивниот постанок.
Во Урбаното подрачје на Скопје се застапени следните педолошки единици:
- алувиална почва (флувисол): финозрнен покривач од плавинско потекло на алувиалниот, алувиално-пролувиалниот и пролувиалниот нанос;
- ригосол - елуваилен покривач од глина, карбонанта прашина и песок на лапорците на северен средишен дел на пордачјето;
- Лувисол - површинска зона на плиоценските седименти
- колувилно - делувиална почва - во теренот со делуваилен покривач.
За планирање на градското зеленило од интерес се следните морфолошки параметри на почвениот профил: дебелина, длабина, погодност на матичниот супстрат за метаморфоза во сулум, структура на сулумот и ниво на подземна вода во почвениот профил.

Климатски и микроклиматски услови
Подрачјето е под влијание на два вида клима: изменета средоземна и умерено континентална; таа ги предизвикува студените континентални и влажни зимски периоди како и топлите континентални и суви медитерански летни периоди
Просечна годишна температура на воздухот изнесува +12,2°C. Минимална апсолутна годишна температура на воздухот изнесува -22,2°C, а максималната +40,0°C
Најчести ветрови се од северозапад и југоисток со средна брзина од 2,5 до 3,4 m/сек, а максималната е над 25 m/сек; најнеповолен е западниот ветар, во топлите периоди (летните месеци) има поволно струење во правец север-југ, кој се јавува во вечерните часови од правец на планината Водно кон р. Вардар
Од годишната ружа на зачестености и средните брзини нацртани според анемографски мерења од главната метеоролошка станица Скопје - Зајчев Рид, се забележува дека најзачестена насока е западната со 180‰, потоа Запад-југозападната (WSW) со 123‰ и на крајот од северозападната (NW) со 120‰.
Висината на просечните годишни количини на врнежи изнесува 516,1mm/m^2, просечниот годишен број на денови со врнежи изнесува 112, со магла 81 и со поледица 0,6. Просечната годишна релативна влажност на воздухот изнесува 70%. Просечниот годишен број на ведри денови е 70, а на облачни денови изнесува 107.

Врз формирањето на микроклимата на Градот Скопје има и загаденоста на воздухот, како и појавата на магла, кои значително влијаат врз формирањето на времето и климата. Скопската Котлина е специфично подрачје со појава на магли и температурни инверзии како и зголемена загаденост на воздухот при такви состојби на времето. Најчест тип на магли кои настануваат во еднородна воздушна маса во Скопската Котлина се радиационите, иако постојат услови за формирање и на другите типови на магли. Должината на траењето на маглите во Скопската котлина има различно траење по месеци во текот на годината. Најзачестени и најдолготрајни се маглите во Декември, па потоа во Јануари и Ноември.

Хидрографски и хидролошки податоци

Подрачјето на Скопскиот регион располага со извонредно добри хидрографско-хидролошки особености. Расположивото водно богатство се манифестира со подземни и површински, односно проточни води.

Длабочината на подземните води е во зависност од конфигурацијата на теренот и се движи од 2-18 м. Истата е во тесна врска со речниот водостој, односно го прати неговиот режим. Зависноста на подземните води од речниот водостој е поизразена околу речните корита, особено околу Вардар. Осцилацијата на подземните води се движи од 30 см. во западниот дел на полето до 171 см. во источниот дел на полето. Во центарот на Градот е констатирана појава на подземни токови како посебна особеност на подземните води.

Во Скопскиот регион како значајни хидрографски проблеми се јавуваат поплавите и пороите Скопската котлина, а и самиот град Скопје често биле поплавувани. Позначајни причини за овие поплви се:

- Протокот на р. Вардар во низводниот дел е зголемен затоа што во узводниот дел се вливаат притоките Треска и Лепенец;
- Средната височина на сите три слива е голема, а истите примаат и големи количества на врнежи и води од топење на снежната покривка;
- Ниските брегови на коритото на р. Вардар, особено низводно од градскиот реон, овозможуваат лесно и брзо излевање на водата;
- Нецелосно изградените и предвидени регулациони градби за ублажување на поплавениот бран; и
- Големиот број на мостови на градскиот реон кои ја задржуваат водата и овозможуваат истата да се прелива надвор од коритото.

Пороите и ерозијата на земјата, како хидрографски проблеми, се последица на геолошко-морфолошките и климатските особености на Скопскиот регион, како и уништување на шумскиот покрив.

Природни ресурси

Урбаната средина на Градот Скопје не изобилува со карактеристични живеалишта и видови од биолошката разновидност, кои би имале карактеристики на ендемични, ретки или загрозени видови и би биле предмет на одреден степен на заштита. Урбаниот дел од Градот не поседува локалитети со природни карактеристики што би биле основа за иден развој како туристички локалитети.

4. СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ

Локалитетот кој е предмет на разработка на овој детален урбанистички план претставува дел од изградената градска структура. Припаѓа на градежниот реон на град Скопје и се наоѓа на околу 4,0 km од централното градско подрачје (мал ринг).

Според просторната територијална поделба на градското градежно земјиште согласно ГУП на Град Скопје од 2012 год., подрачјето опфатено со овој детален урбанистички план претставува дел од градска четврт Ј 03.

Неизградено земјиште има во јужниот и западниот дел од планскиот опфат, а во централниот и северниот дел на планскиот опфат постојат поголеми површини на високо зеленило.

Во рамки на планскиот опфат, најголем дел од објектите се станбени куќи, со помошни простории и гаражи. Просторот е со средно ниво на уреденост. Низ планскиот опфат поминува канал, чиј тек на одредени места оди под улица, а на одредени места покрај улица.

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

За целосно согледување на постојната состојба во границите на планскиот опфат направени се детални истражувања.

Истражувањата на просторот се извршени по пат на директен увид на теренот, директна комуникација со корисниците на просторот и анализа на добиените податоци.

При увид на самото место инвентаризиран е секој поединечен објект со сите негови карактеристики.

Со увид на теренот земени се податоци за:
- градежен фонд (конструкција, катност, намена и состојба на објектите);
- парцели (начин на користење, граници, големина, уреденост и сл.);
- улична мрежа и пристапи (ширина, обработка, состојба);
- комунална инфраструктура (хидротехничка, електро-енергетска мрежа и објекти, гасоводна мрежа и објекти, електронска комуникациска инфраструктура...);
- простори и содржини од јавен интерес.

По пат на анкета на корисниците, добиени се податоци во однос на начинот на користење на просторот, структурата на објектите, намената, моменталната функционалност итн.

Добиените податоци од извршените детални истражувања на просторот се прикажани табеларно и на графички прилози.

Со анализата извршена е обработка и класификација на добиените податоци, при што се добиени согледувања од повеќе аспекти: изграденост, функционална искористеност на просторот, диспозиција на функции во локалитетот и друго.

Реализација и намена на просторот

Од истражувањето на постојната состојба и увидот на терен, констатирано е дека планскиот опфат претставува во најголем дел изградено градежно земјиште.

До сите објекти во рамки на планскиот опфат постои асфалтиран пристап.

Во северозападнито дел од планскиот опфат реализирана е зона за спорт и рекреација со две игралишта – детско и кошаркарско игралиште, опслужени со пешачки патеки и соодветна урбана опрема.
Во еден од објектите кој е дел од планскиот опфат егзистира Амбасада на Сојузна Република Германија.
Преку профилот на улица „Козле", до локалитетот стигнуваат водови од хидротехничка инфраструктура (водовод, фекална канализација, атмосферска канализација), 10kV електро-енергетска мрежа, електронска комуникациска инфраструктура.
Во графичкиот прилог - лист бр.4, начинот на употреба на објектите е обележан со следните класи на намени, односно поединачните намени на градбите:

- **А1** - домување во станбена куќа ;
- **А2** - домување во станбени згради;
- **Б1** – мали комерцијални и деловни намени;
- **В4** – државни институции;
- **Г3** - сервиси;
- **Г4** - сервиси;
- **Д1** - парковско зеленило;
- **Д3** - спорт и рекреација;
- **Е1** - комунална инфраструктура
- **Е2** - комунална супраструктура
- **Н3** - неизградено земјиште;

Евидентирани се вкупно 204 објекти. Катноста на објектите се движи од П (приземје) до П+4+Пк, П+5.
Најголем дел од објектите се во добра состојба.

На ниво на плански опфат, процентот на изграденост изнесува 16%, додека коефициентот на искористеност (к) изнесува 0,3.

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ И ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО - ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ

Според доставените податоци од Министерството за култура на РМ - Управа за заштита на културното наследство, во рамките на предметниот опфат постои заштитено добро – Куќа на ул. „Кнез Хацон" бр. 2 (Решение бр. 331/84 од 15.08.1974 год) и за понатамошната постапка да се контактира НУ Конзерваторски центар – Скопје.

Од Министерство за култура – Управа за заштита на културното наследство добиено е Решение за престанок на заштита за Спомен куќата на ул. „Кнез Хацон" бр. 2. (Уп.Бр. 18-101 од 13.03.2019 година) според кое престанува заштитата на Спомен куќата на ул.„Кнез Хацон" бр.2-Водно, Скопје која постоела до 2001 година кога од страна на надлежните органи била издадена дозвола за рушење.

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

7.1. Сообраќај

Сообраќајната мрежа во рамки на планскиот опфат на ДУП за градска четврт Ј 03, Блок 07 е делумно реализирана.
До подрачјето на планскиот опфат се стигнува преку улица „Козле".
Стационарниот сообраќај (паркирањето) е во рамки на слободниот простор околу објектите што функционира како дворно место.
Покрај улица Трнодол постои релативно неуреден простор со површина од околу 330м^2, кој служи како јавно паркиралиште.

7.2. Хидротехничка инфраструктура

За постојната хидротехничка инфраструктура, од надлежната институција ЈП „Водовод и канализација" - Скопје добиени се податоци за постојната мрежа. Во рамки на планскиот опфат има изведено водоводна мрежа, атмосферска и канализациона мрежа.

Постојната хидротехничка инфраструктура се прикажани на графички прилог од Документационата основа - лист бр.5.

7.3. Електро-енергетска инфраструктура

Според податоците од ЕВН Македонија АД Скопје во планскиот опфат има постоечки електро-енергетски мрежи и објекти, односно
- 1 kV кабли;
- 1 kV воздушна мрежа
- 10 kV кабел
- трафостаници .

Според податоците од АД МЕПСО во планскиот опфат нема постоечки или планирани 110kV и 400kV објекти.

Постојната елекотренергетска мрежа и објекти е прикажана на графички прилог од Документационата основа - лист бр.5.

7.4. Електронска комуникациска инфраструктура и опрема

Според податоците добиени од АЕК и Македонски Телеком АД - Скопје во границата на планскиот опфат поминуваат траси постојна електронска комуникациска инфраструктура и опрема, и тоа:

- оптички кабли;
- бакарни кабли

Трасите се презентирани на графичкиот прилог од Документационата основа (лист бр.5) и соодветно означени во легенда.

7.5. Гасоводна мрежа и објекти

Според податоците добиени од АД ГА-МА Скопје низ планскиот опфат на градска четврт Ј 03, Блок 07 не постојат гасоводна мрежа и објекти.

8. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Подрачјето на градска четврт Ј 03, Блок 07 во Општина Карпош се наоѓа во градежниот реон на град Скопје и до сега било третирно со следните плански документи од повисоко ниво, односно, се наоѓа во планските опфати на следните урбанистички документации:

- ГУП на Град Скопје (2002 - 2022 год.) (Одлука бр. 07-5068/1 од 03.12.2012)
-
- Регулациски план на ГУП на град Скопје за четврт Ј 03, (Одлука бр.07-516/1 од 26.01.2017) каде што се планирани следните наменски зони:
  - А - домување;
  - Д2 - заштитно зеленило;
  - површини под секундарна сообраќајна инфраструктура.

Исто така, предметниот локалитет бил дел од разработката на ниво на детален урбанистички план во размер 1:1000 со следната планска документација:

- Детален урбанистички план за локалитет „Трнодол" М.З „Пеце Божиновски" (Одлука бр. 07-1281/7 од 22.11.2001 година)

- Детален урбанистички план на урбанистичка единица бр. 21 населба Козле (М.З „Кузман Јосифовски-Питу и М.З „Пецо Божиновски Кочо- дел""

- Детален урбанистички план (измена и дполна) за дел од М.З „Пецо Божиновски", Населба Козле (Одлука бр. 07-1557/1 од 22.11.2002 година)

- Детален урбанистички план измена и дополнување за дел од Локалитетот Козле, М.З Кузман Јосифовски-Питу, блокови 11, 33, 34 и 35 (Одлука бр. 07-7896/4 од 26.10.2011 година)

- Детален урбанистички план (изменување и дополнување) на дел од МЗ „Пецо Божиновски Кочо", Блок 3 и 5 (Одлука бр. 07-5493/6 од 26.08.2013 година)

Урбанистички план релевантен за предметниот локалитет и кој граничи со планскиот опфат на ДУП Ј 03.07:

- Детален урбанистички план за населба Жданец, дел од МЗ „Пецо Божиновски-Кочо" (Одлука бр. 07-1090/2 од 14.05.2004 година)

Усвоена документација на ниво на Локално урбанистичка планска документација во планскиот опфат:

- ЛУПД за ГП 8.2, ДУП (измена и дополнување) за дел од М.З Пецо Божиновски, населба Козле, на улица Козле, ББ, дел од КП 5885 КО Карпош, Општина Карпош (Решение бр. 08-3324/7 од 17.09.2010 година)
- ЛУПД за ГП 8.3, ДУП (измена и дополнување) за дел од М.З Пецо Божиновски, населба Козле, на улица Козле ББ, КП 5888, КП 5887 и дел од КП 5885 КО Карпош, Општина Карпош (Решение бр. 08-3324/12 од 27.09.2010 година)
- ЛУПД за ГП 8.4 ДУП (измена и допонување) за дел од М.З Пецо Божиновски, населба Козле на ул. Козле бб, дел од КП 5885 и дел од КП 5886, КО Карпош (Одлука бр. 08-3026/7 од 30.09.2010)
- ЛУПД за ГП 30.11 Согласно ДУП Измена и дополна на урбанистичка едина 21 населба Козле (МЗ „Кузман Јосифовски Питу" и МЗ „Пецо Божиновски дел") (Решение бр. 08-4285/9 од 27.09.2010 година)

9. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Според заклучоците од анализата на постојната состојба, Планската програма и поставките и насоките дадени со ГУП на Град Скопје од 2012 год. и Регулацискиот план на ГУП на град Скопје за четврт 03, можностите за просторен развој треба да се движат во следните насоки:

• Потребно е усогласување на намената на земјиштето и градбите со поставките и насоките во ГУП на Град Скопје од 2012 год., Регулациски план на ГУП на град Скопје за четврт Ј 03 и одобрената Планска програма за изработка на ДУП за градска четврт Ј 03, Блок 07, Општина Карпош - Скопје, со плански можности за развој на постојните и изградба на нови градби;
• Поставување на сообраќајна инфраструктура – секундарна улична мрежа, решавање на пристапи до градежните парцели и објектите, како и на сообраќајот во мирување (паркирање и гаражирање);
• Дефинирање на заштитни коридори на инфраструктурните водови;
• Рационално искористување на градежното земјиште;
• Дефинирање на градежни парцели со површина за градење, процент на изграденост и коефициент на искористеност на просторот од аспект на намената, просторните можности на теренот и планскиот концепт;
• Оптимално димензионирање и доизградба на водоводна инфраструктра;
• Оптимално димензионирање и доизградба на канализациона фекална инфраструктура и на атмосферска канализациона инфраструктура;
• Оптимално димензионирање и доизградба на електро-енергетската инфраструктура;
• Оптимално димензионирање и доизградба на електронска комуникациска инфра-структура;
• Рационално користење на земјиштето и градбите со имплементација на услови за заштита и спасување и заштита на животната средина.

Деталниот урбанистички план со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и подобра комунална инфраструктура, како и непречена реализација на планските одредби.

10. ИЗВОД ОД ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО

За планскиот опфат на ДУП за градска четврт Ј 03, Блок 07, релевантни се следните планови од повисоко ниво:

- ГУП на град Скопје; и
- Регулациски план на ГУП на град Скопје за четврт Ј 03.

10.1. ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ

Согласно ГУП на Град Скопје од 2012-2022 година, во планскиот опфат на Блок 07 од градска четврт Ј 03 планирани се наменски зони:

- **А** - домување;
- површини под секундарна сообраќајна инфраструктура;
- јавно зеленило (јавен простор).

Прилог на оваа точка е Извод од текстуалниот и графичкиот дел на ГУП на Град Скопје.

ГРАД СКОПЈЕ
СЕКТОР ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ
НА ПРОСТОРОТ

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 225
02/3 297 326

Наш број: 13-5/124
27.09.2018год.
Скопје

Ваш број: 45-7737/1
20.09.2018
Скопје

ДО:
ОПШТИНА КАРПОШ
Сектор за урбанизам
Скопје

Предмет:
ОДГОВОР НА БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ИЗВОД ОД ГУП

Почитувани,

Во Град Скопје, Сектор за планирање и уредување на просторот, Одделение за просторно и урбанистичко планирање, доставено е Вашето барање број 13-5/124 од 20.09.2018 год. за издавање на извод од ГУП на Град Скопје за опфат/локалитет:

- **Градска четврт J 03, Скопје.**

Согласно со член 49 точка 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), и согласно Правилникот за формата и содржината на изводот од Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план за вон населено место, Државна урбанистичка планска документација и од Локална урбанистичка планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр.24/11), Секторот за планирање и уредување на просторот, Одделение за просторно и урбанистичко планирање на Град Скопје изготви извод од ГУП за бараниот локалитет и истиот Ви се доставува за Ваша понатамошна употреба.

Во прилог Ви испраќаме:
- Општи и посебни услови за просторен развој;
- Графички приказ на планските решенија;
- Нумерички показатели - посебни услови по четврт;

Со почит,

М.П.

Раководител на сектор
Никола Гацовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА Град Скопје
(грб и име на надлежна општина)

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 124/2018
(број на извод)

Број: 13-5 **од:** 27.09.2018
(архивски број) (датум)

ГУП: ГУП на Град Скопје (2012-2022 год.)
(наслов на план и плански период)

Сектор за планирање и уредување на простор
(име на надлежен сектор во општината)

Одлука бр: 07-5068/1 **од:** 03.12.2012
(број и дата на Одлука со која е донесен планот)

М 1 : 10 000
(Размер)

ИЗВОДОТ ЗА: Градска четврт Ј 03, Скопје
(блок/четврт/урбана единица/катастарска парцела во катастарска општина/улица-сообраќајница/ цел плански опфат)

СОДРЖИ:

1. Графички дел:

- Заверена копија од план на намена на површините - наменски зони во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со легенда;
- Заверена копија од сообраќаен и нивелациски план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со легенда;
- Заверена копија од план на инфраструктура во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со легенда;
- Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со легенда;
- Заверена копија од сообраќаен план со типови на раскрсници во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со легенда;

2. Текстуален дел:

- Заверена копија од општите и посебните услови за просторен развој, параметри за спроведување на планот, плански и услови за детално планирање на просторот и мерки за заштита на културно наследство, на природата и на животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл:

НАПОМЕНА:

- При изработка на плановите од пониско ниво ниво да се почитуваат регулациските линии кои ги оформуваат сообраќајните коридори.
- Со проектот за инфраструктура за сообраќајните коридори кој ќе се изработи врз основа на Генералниот урбанистички план или врз основа на плановите од пониско ниво, ќе се утврдат елементите на уличната мрежа: профилот на сообраќајницата (со број и широчина на сообраќајните ленти, тротоарите, велосипедските патеки и заштитниот појас), радиусите на хоризонталните кривини, подолжните наклони, како и проектното решение за типот на крстосниците.

М.П.

Раководител на сектор
Никола Гаџовски

ГРАД СКОПЈЕ

ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД СКОПЈЕ

ОПШТИ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

ПЛАНСКИ ПЕРИОД
2012 - 2022

М.П.

ДЕКЕМВРИ 2012

10. ОПШТИ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Основа за изработка општи и посебни услови за просторен развој е Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на Р.М. број 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, (Сл. Весник на Р.М. број 63/12, 126/12), Планската програма, како и специфичноста на планскиот концепт во рељефни услови и планските барања.

10.1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

Член 1

1) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план се најдирективниот и најнормативниот дел од планот со кој се остварува принципот на нормативна субординација на Генералниот урбанистички план во деталните урбанистички планови со кои тој ќе се спроведува.
2) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштетои градбите за спроведување на планот се состојат исклучиво од планските услови со правно дејство кои се формулирани на номотетички, нормативен, експлицитен, логичен и непротивречен начин.
3) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се состојат од плански услови со кои се дефинираат сите просторнофизички параметри на планираните супра и инфраструктури, како и сите услови за градење и начини на употреба на земјиштето и градбите.
4) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план ги содржат интегрирани планските услови од текстуалниот, нумеричкиот и графичкиот дел од Генералниот урбанистички план со директивно планерско и правно дејство.

Член 2

1) Условите за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план се состојат од општи и посебни услови.
2) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се однесуваат на целата територија на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план и на начинот на формулирање на планските услови , нивното читање, толкување и правно дејство.
3) Посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се однесуваат на територииите на поединечните урбанистички единици на градежно земјиште на кои е поделен планскиот опфат на Генералниот урбанистички план со кои ќе се спроведува Генералниот урбанистички план.

Член 3

Во графичкиот дел од општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се презентирани формираните граници на единици на градежно земјиште за спроведување на Генералниот урбанистички план. Границата на детално планирање е граница на четврт.

Член 4

1) Посебните услови за спроведување на планот се плански услови кои имаат императивно правно дејство, распоредени се според планерските просторни единици утврдени во Генералниот урбанистички план и се однесуваат за секоја единица на градежно земјиште посебно.
- основна и компатибилна класа на намена на земјиштето и градбите;
- максимална висина на венец (м');
- максимален број на катови;

Максималната висина на венецот е планирана во однос на тротоарот од планираната улица, односно, заштитниот тротоар на градбите, земен како нулта кота.

Планираната висина на градбите треба да биде пресметана со следните висини:
- кота на тротоар (нулта кота): ± 0.00 м;
- катна висина за друга намена: ќе се дефинира со проектна програма за градбите.

Планскиот концепт е поставен врз анализата на реализација на претходната планска документација, и согласно податоците од теренската инвентаризација, планирана е поголема застапеност на намената А1-домување во станбени куќи и задржување на веќе постоечките групации на куќи , со можност за примена на поголем степен на урбанизација, соодветни колски пристапи и имплементација на нови содржини за современо урбано живеење.
Намената А2-станбени згради е планирана периферно на локалитетот, на површини кои ќе овозможат побрза примена на урбанистичкиот план.
Планираната катност на градбите со намена А1-домување во станбени куќи е П+2+Пк (приземје, два ката и поткровје) и П+1+Пк (приземје, прв кат и поткровје).

При изработката на билансните показатели, и споредбата на параметрите од РП и ДУП, за основната намена домување, а за соодветно усогласување, направена е анализа и пресметка на максималниот дозволен број на жители (Табела 2 во Биланси показатели) и добиените параметри соодветствуваат со планираните од РП.

Заради флексибилност на планската документација, дадена е можност за избор на компатибилни класи на намени на основната класа на намена, со дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи во однос на основната согласно табелата од Прилог 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

3.1Сообраќајна инфраструктура

Планираната улична мрежа во планскиот опфат на ДУП за градска четврт Ј 03 блок 07, Општина Карпош - Скопје е поставена врз база на планската документација од повисоко ниво (ГУП на град Скопје од 2012 год. и УПЧ), состојбата на терен, изведената комунална супраструктура (постоечки улици, изведена хидротехничка и електро-енергетска инфраструктура) како и актуелната законска и подзаконска регулатива.

Сообраќајната инфраструктура во локалитетот ја сочинуваат следните категории на улици:

ПРИМАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА (согласно ГУП на град Скопје од 2012 год.):

- собирни улици:
ул.Козле 1 со профил од 11м;
Јужна обиколница Водно со профил од 11м

и,

СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА (согласно РП):

- сервисни улици:
С4, С5 и С8 со попречен профил од 9 м
С6 (А) со попречен профил од 15 м

согласно ДУП
- станбени улици:
ТРНОДОЛ со попречен профил од 9 м
СТ1, СТ2, СТ3, СТ4, СТ5, ЛЕСНОВСКА, КНЕЗ ХАЦОН, КНЕЗ ТРПИМИР, ПОП БОГОМИЛ, ПР.КОНСТАНТИН со попречен профил од 8.5 м

- пристапни улици:
П7 со попречен профил од 5.5-7,9м
П1,П4,П5,П6,П8 со попречен профил од 5.5м

Стационарен сообраќај

Стационарниот сообраќај односно паркирањето на моторните возила во рамките на планскиот опфат е планирано согласно:
• дефинираната намена на земјиштето; и
• нормативните акти - Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

Паркирањето е предвидено да се реши во рамките на секоја градежна парцела поодделно, надземно или подземно.

Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планирани подземни паркинзи да се утврдат во согласност со нормативите од член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

Бројот на потребни паркинг места зависи и од изборот на компатибилните намени во градежната парцела кои треба да се земат во предвид при изработка на проектната документација за градбите, врз основа на која се издава одобрение за градење.
Основен услов за изградба на планираната површина за градење, максимална висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места.

Јавен градски превоз на патници

Во планскиот период се предвидува локалитетот да се опслужува со јавен автобуски превоз на патници преку системот на градски линии со траси во правец од централното градско подрачје, преку примарната сообраќајна мрежа на улици до локалитетот и обратно.

ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

СОБИРНИ УЛИЦИ

пат Горно Нерези (ул. Козле 1)



Јужна обиколница Водно



СЕРВИСНИ УЛИЦИ

С4 ; С5 ; С8



С6 (А)



СТАНБЕНИ УЛИЦИ

УЛ.ТРНОДОЛ



СТ1, СТ2, СТ3, СТ5, СТ4 ,УЛ.ЛЕСНОВСКА,УЛ.КНЕЗ ХАЦОН,
УЛ.КНЕЗ ТРПИМИР, УЛ.ПОП БОГОМИЛ, УЛ.ПР.КОНСТАНТИН



ПРИСТАПНИ УЛИЦИ
П1,П4,П5,П6,П8



ПРИСТАПНИ УЛИЦИ
П7



Нивелациски план
Како составен дел на деталниот урбанистички план е изработен Нивелациски план на планираните сообраќајници. Нивелацијата на примарната сообраќајна мрежа е во согласност со податоците од Извод од ГУП на град Скопје - Сообраќаен план. Со нивелацискиот план се дефинирани висински коти и координати на осовински точки како и надолжен нагиб на нивелетата.

3.2Хидротехничка инфраструктура

Планираната хидротехничка инфраструктура во Деталниот урбанистички план за градска четврт Ј 03 блок 07, Општина Карпош, е планирана врз основа на следните податоци и подлоги:

- Податоци добиени од ЈП „Водовод и канализација" - Скопје за постоечката хидро-техничка инфраструктура во локалитетот;
- Насоките од план од повисоко ниво - ГУП на град Скопје од 2012 год.;
- Сообраќајно и нивелациско решение на планираната сообраќајна мрежа; и
- Актуелните прописи за проектирање на инфраструктурни објекти од овој вид

1 Водоснабдување за домување

Потребни количини на санитарна вода за водоснабдување

Предвиден број на жители	N=	2780	
Водоснабдителна норма	Qo=	400	л/ден/жител
Коефициент на дневна нерамномерност	K1=	1,5	
Коефициент на часова нерамномерност	K2=	1,3	
Qср/ден=2029 x 400	=	1.112.000,00	л/ден
Qмах/ден	=	1.668.000,00	л/ден
Qмах/час	=	90.350,00	л/час
Секундарни проточни количини			
q ср/ден	=	12,87	л/сек
q мах/ден	=	19,31	л/сек
q мах/час	=	25,10	л/сек

2 Фекална канализација

Количината на отпадни фекални води од дадениот опфат е

qotp=Qср/ден x 0.80	=	889,60	м3/ден

Усвоено пресек од ф250

3 Атмосферска канализација

Интензитет на врнежи			
qi	=	110,00	л/сек/ха
коефициент на истекување			
ψsr	=	0,50	л/сек/ха

q atm= F x qi x ψsr

q atm=2.1 x 110 x 0.5 = 115,50 л/сек/ха

Планираната комунална хидротехничка инфраструктура за ДУП за градска четврт Ј 03 блок 07, Општина Карпош - Скопје, е презентирана во Планската документација на графички прилог бр.4: Инфраструктурен план.

Реализацијата на ДУП за градска четврт Ј 03 блок 07, Општина Карпош - Скопје треба да се одвива преку изработка на Основни проекти, за чија изработка ќе бидат дадедни основни правци и податоци (хидротехнички услови) од надлежна институција - ЈП „Водовод и канализација" - Скопје, планска документација за улична мрежа и конкретни податоци – геодетски снимања (мерења).

3.3Електро-енергетска инфраструктура

Врз база на добиените податоци и параметри за планскиот опфат на ДУП за градска четврт Ј 03 блок 07, Општина Карпош Баба - Скопје и врз основа на параметрите пропишани со планска документација од повисоко ниво, пристапено е кон анализа на потребни едновремени снаги.

Со член 109 од Општите и посебните услови за просторен развој од Извод од ГУП на град Скопје од 2012 година, предвидени се коефициенти за дефинирање на потребите за електрична моќност соодветно за секоја намена односно, корисници на просторот.

Намена на земјиште			коефициент согласно ГУП на град Скопје		потреби за електрична моќност (kW)
А - домување	2780	жители	1	kW/жител	2780.00
В - јавни институции	0.11	ха	193	kW/ха	21.23
Д - зеленило и рекреација	4.57	ха	15	kW/ха	68.55
Е - инфраструктура	2.10	ха	15	kW/ха	31.50
				ВКУПНО	**2901.28**

Согласно ГУП, за овој блок предвидени се потреби од 2827.47 kW, а според приложената пресметка потребите изнесуваат 2901.28 kW.
За предвидените потреби, планирани се 7 градежни парцели за трафостаници 10(20)Кв.

Улично осветление

Според планскиот концепт на овој детален урбанистички план се предвидува изградба на нови сообраќајници па согласно со тоа ќе се третира и уличното осветлување. Уличната расвета ќе се реализира со реконструкција и адаптација на постојната мрежа за расвета со замена на столбните места и со поставување на нови расветни тела.

Осветлувањето на сообраќајниците ќе се решава со метал - халогени рефлектори и натриумови светилки поставени на метални столбни места со височина 10м и 4,5м.

Со изработка на основни проекти за осветлување на новопланираните сообраќајни површини, моќноста на новите светлосни тела ќе се дефинира со Основни проекти за расвета.

3.4Телефонска мрежа и пратечки објекти

Според податоците добиени од Македонски Телеком АД за електронски комуникации - Скопје во границата на планскиот опфат има постојни подземни телефонски инсталации и телефонска канализација.

Развојот и димензионирањето на телефонската мрежа во иднина треба да се определи за деловен простор спрема бројот на вработени и површината на просторот. Телекомуникациските коридори за новата инфраструктура се планира да се реализираат во коридорите на сообраќајниците, односно на тротоарите и пристапните улици. Планираните траси се прикажани на графички прилог бр.4 Инфраструктурен план од планската документација и соодветно се означени во легенда.

Бројот и местоположбата на инфраструктурни објекти - собирно распределителни ормани со дефиниран манипулативен простор со димензии 1,0м х 0,5м - ќе бидат дефинирани согласно развојните потреби на мрежата, во коридорот на тротоарот или надвор од коридорот на тротоарот (во зависност од конкретната ситуација и услови на теренот), а во соработка со стручните служби на надлежните институции за електронски комуникации. Бројот на потребните линии ќе биде дефиниран во наредната фаза од планирање и истиот не е лимитирачки.

Заради зголемување на вредноста на градежното земјиште и оптимизирање на урбанистичките капацитети на просторот, се предвидува постоечките тф инсталации кои поминуваат низ парцелирано градежно земјиште да се дислоцираат на земјиште за општа употреба.

3.5Гасоводна мрежа

Според податоците добиени од АД ГА-МА Скопје, во планскиот опфат нема изведен гасовод, и превземена е планирана мрежа согласно РП.

3.6Топловодна мрежа

Согласно податоците од РП, утврдено е дека изведен топловод не навлегува во предметниот локалитет.

3.7Мерки за заштита

Мерки за заштита на животната средина

Во доменот на заштитата на животната средина основната цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на животната средина се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку примена на современи стандарди и нормативи.

Локалитетот ќе се развива согласно современите урбанистички принципи, а поради карактерот на планираната намена (зона за домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, зеленило и рекреација), проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се очекува да бидат посебно изразени, но мора да бидат земени во предвид.

Заштита на воздухот

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Покрај ова неопходно е да се оформи (каде што е можно) заштитно зеленило во простори со различен степен на чистота на работната средина, кои имаат значење од аспект на подобрување на микроклиматските влијанија.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила);
- примена на соодветни техничко - технолошки мерки;

- обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења;
- подигање и оформување (секаде каде што има услови) на заштитни зелени појаси покрај сообраќајница;
- уредување на зелени површини во рамките на градежната парцела и создавање (доколку е можно) на поврзан систем на зеленило во и надвор од планскиот опфат.

Заштита на водите
Заштитата на водите се регулира со комплекс законски прописи, а во овој плански документ соодветно место треба да најдат следните поставки:

- заштита на проточните и подземните води со обезбедување на соодветни техничко-технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадните води, пречистителни станици и сл.);
- доследно почитување на прописите кои се однесуваат на големината и одржувањето на санитарно - заштитните зони;
- неутрализација на штетните отпадни материи пред испуштање во канализационата мрежа и реципиентот;
- континуирано следење на квалитетот на водите.

Заштитата на водите се регулира со комплекс законски прописи за заштита на проточните и подземните води – Закон за водите (Сл.Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16). Со цел за остварување на поставката за планско и рационално користење на водите, се предлагаат мерки за обезбедување на нивниот квалитет меѓу кои: техничко-технолошки мерки, изградба на целосна канализациона мрежа, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет и тн.

Заштита на почвата
Чиста и незагадена почва е исто така, еден од важните предуслови за заштита на животната средина. Во таа смисла треба да се обезбеди поголема контрола при употребата на хемиските заштитни средства, материјалите и суровините кои ќе се користат во прометот и работењето на планираните содржини во рамките на градежната парцела.

Заштита од бучава
Заштитата од бучава е регулирана со законски и подзаконски акти: Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр.79/07, 142/10, 47/11, 163/13 и 146/15); Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Сл. весник на РМ бр.01/09 и 38/13).

На локалитетот се планира зона за домување и објектите не претставуваат потенцијални извори на бучава.

При изградба на објектите потребно е да се предвидат технологии и техники кои ќе придонесат за намалување на загадувањето со бука и доведување на истото во законски дозволените мерки.

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајницата, треба да се решава со обезбедување на заштитно зеленило покрај истата во рамките на градежната парцела, кое во исто време ќе значи и озеленување и оплеменување на просторот во дворното место.

Третман на отпад
Законот за управување со отпадот (Сл. весник на РМ бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16) го регулира неопходното и правилно решавање на проблемот со сметот, неговиот плански организиран современ третман на одложување, одвезување и уништување или депонирање, а со цел подобрување на квалитетот на условите за живот и работа односно за заштита на животната средина.

Во рамките на планскиот опфат, имајќи ја во предвид планираната намена, содржини и дејности кои ќе се одвиваат во планираните градби, потребно е обезбедување на услови за соодветно собирање, чување, предтретман, третман, рециклирање или уништување на создадениот комунален отпад.

Заради тоа е потребно планско согледување и определување на соодветна локација за депонија како и нејзино организирање и уредување за современ транспорт, третман и уништување на отпадот.

Мерки за заштита и спасување
Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15 и 106/16), Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерки за заштита и спасување. Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвуваат и спроведуваат Републиката (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следниве мерки и активности:

1) Изработка на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности;
2) Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
3) Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;
4) Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и
5) Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообракај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
3) при изградба на објекти и инфраструктура.
Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:
1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:
- Засолнување;
- Заштита и спасување од поплави;
- Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
- Заштита и спасување од урнатини;
- Заштита и спасување од техничко технолошки несреќи и
- Спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:
- Евакуација;
- Згрижување на загрозеното и настраданото население;
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- Прва медицинска помош;
- Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- Асанација на теренот.

Мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
Во доменот на заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15 и 106/16), Законот за пожарникарство (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 36/16) и други позитивни прописи, при планирање на просторот важни се следните критериуми за заштита од пожар:

• Пристап со возило до секој дел од локалитетот односно до секоја градба;
• Сообраќајните површини да се со ширина поголема од 4,0м со што се обезбедува пристап на противпожарно возило, а просторот околу градбите да овозможува движење и интервенирање околу градбите;
• Рабниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.
• Во случај на пожар, планскиот опфат наменет за домување, зеленило, земјиште за општа употреба и комунална супраструктура, ќе го опслужуваат противпожарните единици од Општина Карпош;
• За изградба на објектите да бидат користени соодветни материјали со што ќе се елиминира една од причините кои ја зголемуваат нивната повредливост од пожар.
• За сите објекти да се предвиди громобранска инсталација во согласност со законската регулатива.

Мерки за заштита и спасување од урнатини
За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање и во понатамошната разработка со Основни и Архитектонско-урбанистички проекти, треба да се води сметка за следните мерки:

• Градежната линија на планираните површини за градење да е соодветно оддалечена од границата на градежната парцела односно од регулационата линија;
• Планираната височина на градбите да овозможува непречени услови за заштита и спасување во случај на природни и техничко-технолошки хаварии;
• При рушење, објектот зафаќа Н/2 од површината околу себе, односно рушевините да се во рамките на парцелата;
• Сообраќајната мрежа во комплексот да не биде попречена со рушевини заради непречен пристап на интервентни возила во случај на пожар, потреба од медицинска и прва помош, други специјални возила, итн;
• Сите слободни простори и површини наменети за зеленило, во случај на потреба ќе се користат за евакуација на луѓе и материјални добра, укажување на прва помош, активирање на единици или опрема на специјализирани екипи за дејства и активности во функција на помош и заштита, отстранување на дефекти и друго;

• Заради заштита на теренот од можни свлечишта потребно е да се изработат елаборати со геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања врз основа на кои ќе се пропишат соодветни решенија.

Мерки за заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи
Во рамките на планскиот опфат, во планираните капацитети со основна домување, комерцијални и деловни намени и комунална супраструктура (трансформаторски станици, телекомуникациски разводни ормари), како и предвидената можност за организација и уредување на компатибилни намени во функција на основната намена, доколку се одвиваат процеси, дејности и активности кои не побаруваат многу енергија, или создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и каде не се очекува да предизвикаат поголеми техничко-технолошки несреќи, при планирањето и проектирањето мора доследно да се применуваат законските регулативи кои ја регулираат соодветната проблематика, односно да се почитуваат одредбите од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15 и 106/16) и другите позитивни прописи со кои се регулира оваа проблематика.

Мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита
Во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15 и 106/16), да се предвидат следните мерки:
- да се предвидат мерки за заштита на луѓето, добитокот и растенијата од радиолошка, хемиска и биолошка опасност во согласност со законските прописи
- за ефикасна заштита на населението и материјалните добра, установите задолжително да обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на марките за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

Мерки за спречување на бариери на лицата со инвалидност
Во рамки на планскиот опфат задолжително е создавање на услови за непречено движење на лицата со инвалидност со преземање на конкретни мерки:
- Површините во рамки на планскиот опфат кои се наменети за движење на пешаци (пешачки патеки, пешачки улици, тротоари, плоштади), кадешто карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.
- Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:12. Притоа рампата треба да биде димензионирана за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65м, а оптимална широчина треба да е 1,80м.

Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:
- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9м
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12м
- наклон од 5,0% или во однос (1:20), максималната должина на рампата е 15м
- Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50м, а оптималната должина треба да е 1,80м
- При планирањето на елементите од уличната мрежа задолжително да се предвидат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу коловозот и тротоарот со минимална широчина од 1м, а оптимална широчина од 1,80м. Најголем наклон на рампата е 20% или во однос (1:5), а оптималниот наклон е 8,33% или во однос (1:12)
- Во објектите со намена А3, како и објектите со намена од групите на класи на намени Б и В, задолжително да се предвидат рампи за пристап за висинско совладување на денивелираните површини за комуникација на влезовите од градбите и внатрешни рампи во јавните и групните простории како и просториите за собири. Рампите да се димензионираат според одредбите од член 76 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17). Минималната широчина на рампите треба да биде 1м.

- Постојната и времената урбана опрема на јавните пешачки површини не треба да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците, а особено на лицата со инвалидност со колички.

4.Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Деталниот урбанистички план.

4.1. Општите и Посебните услови, текстуалниот дел, графичките прилози и табелите се составен дел на Планската документација на ДУП за градска четврт Ј 03 блок 07, Општина Карпош - Скопје и имаат правно дејство само врз градителска активност која ќе уследи по стапување во сила на деталниот урбанистички план.

4.2. Податоците кои се евидентирани на ажурираната геодетска подлога во Документационата основа на ДУП, се третираат како постојна состојба.

4.3. Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат на ДУП за градска четврт Ј 03 блок 07, Општина Карпош - Скопје, чии граници се опишани во Планската документација на ДУП, а посебните услови се однесуваат на секоја градежна парцела поединечно.

4.4. Изградбата на нови градби, како и изградбата на планирани сообраќајници и комунална инфраструктура и супраструктура ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото, а во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

4.5. Во табеларниот приказ што е составен дел на нумеричките показатели и посебните услови за изградба, прикажани се следните податоци за градежните парцели:

- број на градежна парцела;
- површина на градежна парцела ($м^2$);
- површина за градење ($м^2$);
- процент на изграденост (%);
- вкупна развиена површина по катови ($м^2$);
- коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- основна класа на намена на земјиштето и градбите;
- компатибилни класни на намени;
- максимален дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена (%);
- максимален број на катови;
- максимална дозволена висина на венец;

Сите овие услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се одредени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

4.6. Стационарниот сообраќај - паркирање и/или гаражирање на потребен број моторни возила е планирано во рамките на градежната парцела и постоечките паркинг простори. Потребниот број на паркинг места ќе се утврди согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

- Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење.

- Границата на површината за градење под нивото на теренот (која го вклучува и подземното паркирање) може да се поклопува со границата на градежната парцела.

4.7. Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираните подземни паркинзи да се утврдат во согласност со нормативите од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

4.8. Со планската документација се одредени и следните услови:

• облик и големина на градежна парцела (м²);
• површина за градба со градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради една или повеќе градби - комплекс од градби (м²);
• подземна градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради под нивото на теренот;
• заштитни коридори на инфраструктурни водови - простор во кој не може да се гради;

4.9. Градежната линија се спроведува во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18), и тоа:

- Дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите:
  -првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, коструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа
  -второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец и
  -третостепена пластика во која спаѓаат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци стреи, брисолеи и друга плитка архитектонска пластика

- Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се одобруваат пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонска пластика.

- Кога градежната линија не се совпаѓа со границата на градежната парцела можните пречекорувања не треба да излезат надвор од границата на градежната парцела на било која височина на теренот.

- Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се:
  -првиот скалник од влезните партии до 30см ако ширината на тротоарот е поголема од 2м;
  -првостепена пластика до 30 см ако широчината на тротоарот е поголема од 2м;
  -второстепена пластика која се појавува помеѓу првиот спрат и горниот венец за уличен коридор широк до 8.5м, до 7.5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1.5м длабочина. Елементите на второстепената пластика не треба да се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3.6м над котата на тротоарот и
  -третостепена пластика која се појавува помеѓу котата на теренот и горниот венец и се дозволува ако широчината на тротоарот е поголема од 2м.

- Дозволени се максимално 70% од вкупната должина од фасадата кон уличниот фронт, кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика.

- Минималното растојание на второстепената пластика од соседот при калканско спојување на соседните градби треба да изнесува најмалку 1.2м, што претставува и максимална димензија за конзолно или еркерно пречекорување на дефинираната градежна линија.

- Кога површините за градење од страната на градежната парцела се на растојание од 1.2м, не треба да има пречекорувања на градежната линија со првостепена и второстепена пластика.

- Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките и другите микролокациски услови, треба да се води сметка и за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирањето на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти, со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

4.10. Диспозицијата на површината за градење во градежната парцела и нејзиното растојание од границите на градежната парцела да биде согласно член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

4.11. Коефициентот на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни катови изградени од нулта плоча. Во вкупната изградена површина, не влегуваат површините од пречекорувањата од точка 4.10.

4.12. Висината на венецот дадена на графичкиот прилог и во табелите е максимална, изразена е во должни метри и се определува од нивото на нивелетата на тротоарот на сообраќајницата или од пристапната патека до завршниот венец на објектот. Доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува од висинската кота на теренот во средината на страната на градбата долж падот на теренот.

4.13. Котата на нулта плоча е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека.

4.14.Висинската кота на приземната плоча на градбите односно нултата плоча во однос на котата на тротоарот се уредува согласно член 45 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

4.15. Максималната дозволена висина на слеме во однос на висината на завршнот венец на градбата изнесува најмногу до 4.5м.

- Во дозволената височинана слемето, можно е формирање на три типа на покриви :
  -коси покриви со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35°

-мансарден покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 60°

-рамен покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5°. Во дозволената силуета е дозволено скалесто повлекување од страна на лицето и дното на парцелата и оформување потпокрив, кој кон бочните страни на парцелата е во рамнина со фасадата. Аголот на скалестото повлекување може да изнесува најмногу 60°.

4.16. Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат:

- Покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи
- Оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации, и
- Сите архитектонско-декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата над горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот

4.17. За сите трансформаторски станици да се обезбеди пристап на товарно возило за изградба на истите и нивно тековно одржување.

4.18. За 35 и 10 kV подземни траси во тротоарскиот дел од сообраќајните површини да се оформат коридори за водење на истата, а во координација со останатите инфраструктурни подземни инсталации

4.19. Условите за изградба на објектите, треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефон и одводнување на отпадните фекални и атмосферски води.

4.20. Не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен нивно вкрстување. При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации" на соодветните Комунални организации, но не помалку од 0,60м односно 1,0м од крајниот раб на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0,50м.

4.21. Телекомуникациските коридори треба да се планираат во површини од тротоари, пристапни улици и пешачките патеки.
За уличните телекомуникациски ормари потребно е да се обезбеди манипулативен простор со димензии од 1,0м х 0,5м.
Бројот и местоположбата на истите ќе се дефинира согласно развојните потреби на мрежата и конкретните услови на теренот, во соработка со стручните служби на надлежната институција.

4.22. При оформување на содржините во локалитетот се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, со почитување на минималната застапеност на зеленилото во дворните места на градежните парцели и линеарно зеленило (доколку постојат услови за тоа) долж сообраќајниците.
Објектите кои се планирани да се градат на предметниот простор, треба да бидат изведени согласно стандардите и нормативите за проектирање и не смеат да ја нарушат природната рамнотежа на средината.

4.23. Со проекти за инфраструктура за сообраќајните коридори на примарната сообраќајна мрежа (градски магистрални и собирни улици), кои ќе се работат врз основа на Генералниот урбанистички план или врз основа на детален урбанистички план ќе се утврдат елементите на уличната мрежа: профилот на сообраќајницата (со број и широчина на сообраќајните

ленти, тротоарите, велосипедските патеки и заштитниот појас), радиусите на хоризонталните кривини, подолжните наклони, како и проектното решение за типот на крстосниците.

4.24. Површините наменети во ДУП за движење на пешаци, секаде каде што тоа е можно според конфигурацијата на теренот, да бидат континуирани без скали и со подолжен наклон од 8,33 %, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.

4.25. Опремувањето на локалитетот со елементи од урбана опрема треба да се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон, а во согласност со Законот за градење (Сл.Весник на РМ, бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15), Одлуката за утврдување стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на градот Скопје (Сл.Гласник на град Скопје бр. 3/10, 3/11 и 18/11) и Одлуката за утврдување на потребата за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема (Сл. Гласник на град Скопје бр.3/10).

4.26. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управата на Општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите, а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира отпадот во регионална односно општинска депонија.

4.27. Во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18), и Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ бр.11/18), процентот на озеленетост во рамки на секоја градежна парцела да изнесува најмалку 20%.

4.28. Во согласност со член 11-б од Законот за градење (Сл.Весник на РМ, бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15), при изработка на проектна документација за градби со јавна намена, задолжително да се проектира паркинг простор за велосипеди во функција на градбата.

4.29. Доколку при реализација на планската документација дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на РМ, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.Весник на РМ бр.20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15).

4.30. Во согласност со Законот за градење (Сл.Весник на РМ, бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15), при изработка на проектна документација, заради конфигурацијата на теренот и карактеристиките на земјиштето, задолжително да се изработи елаборат за геомеханички и геотехнички испитувања.

4.31. При разработка на урбанистичките параметри од деталниот урбанистички план, за тоа што не е регулирано со овие Услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ бр. 142/15).

5.Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на градежните парцели дефинирана со ДУП за градска четврт Ј 03 блок 07, Општина Карпош - Скопје.

Намена на земјиштето и градбите:

- **Парцелирано градежно земјиште:**

- **А** - домување;
  А1-домување во станбени куќи
  А2 – домување во станбени згради

- **В** –јавни институции;
  В4 –државни институции

- **Д** – зеленило и рекреација
  - **Д1** – парковско зеленило
  - **Д3** – спорт и рекреација

- **Е** – инфраструктура
  - **Е2** – комунална супраструктура (трафостаници до 20кВ и бензинска пумпна станица)

- **Земјиште за општа употреба:**

  - **Д2** – заштитно зеленило
  - **Е1** - комунална инфраструктура.

Планиран развој: 2017 - 2022

- Изградба на нов објект до планираната височина и катност, според параметрите дадени во табелата;
- Максимална дозволена висина на венец и катност според параметрите дадени во табелата;
- Бројот на потребни паркинг места ќе се дефинира со проектна програма во зависност од содржината и потребите на градбата, а ќе се определи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).
- Бројот на потребни паркинг места ќе се дефинира со проектна програма во зависност од содржината и потребите на градбата, а ќе се определи согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

А2 Домување во станбени згради - за станбени згради во централни градски подрачја едно паркинг место по станбена единица, а вон централни градски подрачја на 80 м2 од вкупно изградената станбена површина по едно паркинг место

Д1 - Парковско зеленило - потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од специфичните потреби и услови;.

Д2 - Заштитно зеленило - не се предвидуваат паркинг места за оваа намена.

-Димензионирањето на групните паркиралишта во градежните парцели и градбите од класите на намени А2, А3, Б2, Б3, Б4, Б5, Б6, В1, В2, В3, В4 и В5 се врши на тој начин што на вкупниот број паркинг места се планираат минимум 3% паркинг места за лица со инвалидитет. На паркиралишта со помалку од 20 места се предвидува минимум едно паркинг место за лица со инвалидитет.

Во градежните парцели, може да се реализира заедничко подземно и надземно паркирање, како и вертикални и хоризонтални комуникации за две или повеќе парцели преку заедничка пристапна комуникација, заради обезбедување на потребниот број на паркинг места, по добиена согласност од сопствениците на градежното земјиште кое е опфатено со предметните градежни парцели.

БЛОК Ј 03.07

Градежна парцела 7.1-7.5 и 7.7-7.10

- Намена: А2 – домување во станбени згради, со можност за избор на една или повеќе компатибилни класи на намени од табелата, со максимален дозволен процент на учество на збирот на компатибилни класи на намени во однос на основната до 40%;
- Максимална дозволена висина на венец и катност според параметрите дадени во табелата;
- Паркирањето на потребен број возила да се реши во рамките на градежната парцела;
- Бројот на потребни паркинг места ќе се дефинира со проектна документација во зависност од содржината и потребите на градбата, а ќе се определи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18)
- Во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18), и Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ бр.11/18), процентот на озеленетост во рамки на градежна парцела да изнесува најмалку 20%.

